# 3. ПЕТРУНЕ МОМЕ, ПЕТРУНЕ

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеела: Фруса Темелкова
Родена: Кавадарци, 1885 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадраци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1936 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932—36 г.




1. Петруне моме, Петруне,
   а што си толку убава;

2. дал си од бога паднала,
   ил си од мајка родена?

3. Не сум од бога паднала,
   тук сум од мајка родена;

4. на ден велигден родена,
   на ден ѓурѓовден крстена;

5. со бело млеко доена,
   со рујно вино поена;

6. затуј сум бела румена,
   затуј сум танка висока.

Забелешка: Секој стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978